Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 и 24 јули 2024 година

Скопје, јули 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 и 24 јули 2024 година**

Седницата се водеше во два дела.

Првиот дел од седницата, што се одржа на 16 јули 2024 година, започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Есад Рахиќ, управител на Трговско друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

Овој дел од седницата заврши во 00:25 часот.

Вториот дел од седницата, што се одржа на 24 јули 2024 година, започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваше и Зоран Димитриевски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија.

На седницата присуствуваше и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 3-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година**

1. Информација за намера за намалување на основната главнина на Трговско друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2020, 2021 и 2022 година, со Предлог-одлука

2. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение за развој на земјоделство и заштита на животна средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „Живот“ – Куманово

3. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (шини)

4. Предлог - одлука за прогласување на Споменичката целина - село Горно Врановци, Општина Чашка за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

5. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 6 јуни 2024 година до 12 јуни 2024 година

6. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 13 јуни 2024 година до 19 јуни 2024 година

7. Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 20 јуни 2024 година до 26 јуни 2024 година

8. Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 27 јуни 2024 година до 3 јули 2024 година

9. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 јуни 2024 година до 17 јуни 2024 година

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 18 јуни 2024 година до 24 јуни 2024 година

11. Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 јуни 2024 година до 1 јули 2024 година

12. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга, со Предлог-одлука

13. Информација за корекција на проценета вредност во Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод

14. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „Да Винчи кидс“ во Скопје, со Предлог – одлука

15. Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН

16. Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје

17. Кадровски прашања

18. Прашања и предлози

19. Информација за прогресот на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Министерството за труд и социјална политика за периодот јануари-септември 2023 година

20. Информација за работата на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 (за периодот јануари – септември 2023 година)

21. Информација за преземени активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2023 година

22. Годишен извештај за работата на Инспекциски совет за 2023 година

23. Годишен извештај за работата на инспекциските служби за 2023 година

24. Извештај за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати, односно за развој и одржување на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење -„Е-инспектор“ (период 27 јули 2023 година -27 јануари 2024 година)

25. Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2024 - 2025 година

26. Трет збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето за периодот јули-декември 2023 година

27. Информација за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, со Предлог-решение

28. Информација за статус на спроведување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите

29. Записник од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 15 јули 2024 година, со Записник од Втората седница на Групата за процена, одржана на 15 јули 2024 година и Предлог-одлука

30. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

31. Информација за севкупната финансиска состојбата на ЈП Национални шуми п.о. Скопје, согласно Извадок од Нацрт-записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година

32. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје

33. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија – Скопје

34. Информација за вработување на приватни специјализанти од областа на медицината за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија во 2024 година

35. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за локална самоуправа

36. Информација во врска со започнатата арбитражна постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница - Штип

37. Информација за новиот повик од Инвестициска рамка за Западен Балкан за техничка помош и инвестициски грантови

38. Информација во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030

39. Информација за статусот на подготовка на Реформската агенда 2024-2027 година, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 16 јули 2024 година, со прилог

40. Информација во врска со номинирање на национален координатор за имплементација на Стратегијата за Роми 2022-2030 и национална контакт - точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на Регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020-2030

41. Информација за постапување по Заклучокот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година

42. Информација за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба, со Предлог–одлука

43. Барање за давање на автентично толкување на член 7, став 2, став 3 и став 4 од Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), поднесено од група пратеници

44. Информација за состојбата во Министерството за одбрана за поведените судски постапки од страна на вработени во Министерството за одбрана и Армијата, во периодот 2018 година - мај 2024 година

45. Информација за потпишување на Договор за грант помеѓу Министерството за дигитална трансформација и Европската извршна агенција за здравство и дигитализација (HADEA) за основање на Центар за побезбеден интернет (Safer Internet Centre)

46. Предлог - програма за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година

47. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чашка

48. Информација за Министерската конференција на управувачките платформи за образование и обука, истражување и иновации и култура на земјите од Западен Балкан и Европската Унија

49. Предлог - одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

50. Информација со Предлог - решение за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија

51. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 3-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата за намера за намалување на основната главнина на Трговско друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2020, 2021 и 2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

Истовремено, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и директорот на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, да одржат работен состанок, со цел да ги утврдат состојбите во претпријатието во однос на неговото функционирање и согласно заклучокот од тој состанок министерот за енергетика, рударство и минерални суровини да ја информира Владата.

<u>Точка 2</u>

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение за развој на земјоделство и заштита на животна средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „Живот“ - Куманово, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

<u>Точка 3</u>

Владата ги симна од Дневен ред предлог - одлуките за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (шини), имајќи го предвид дописот од Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

<u>Точка 4</u>

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на Споменичката целина - село Горно Врановци, Општина Чашка за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, дека мерките за непосредна заштита да се

реализираат во рамките на одобрениот буџет со соодветната фискална година кај надлежните институции и органи на државната управа.

Точка 5

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 6 јуни 2024 година до 12 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 6

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 13 јуни 2024 година до 19 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 7

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 20 јуни 2024 година до 26 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 8

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 27 јуни 2024 година до 3 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 9

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 јуни 2024 година до 17 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 10

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 18 јуни 2024 година до 24 јуни 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 11

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 јуни 2024 година до 1 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 12

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга, со Предлог-одлука, поради потребата истата да се достави до Владата преку овластениот предлагач - Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за корекција на проценета вредност во Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод и ја усвои со следните заклучоци (усогласени):

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади и буџетски средства во 2025 година од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и од буџетот на Општина Македонски Брод за изведување на градежни работи за реконструкција со пренамена на детска градинка во центар за дневен престој за деца со пречки во развој во Општина Македонски Брод во вкупна вредност од 14.321.157,00 денари без ДДВ со планирана динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари без вклучен ДДВ на Сметка 637, Програма 4А, Расходна ставка 481 за 2024 година, од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2024 година и

- 3.514.530,00 денари без вклучен ДДВ на Сметка 637, Програма 4А, Расходна ставка 481 за 2025 година, од буџетот на Министерството социјална политика, демографија и млади за 2025 година.

Остатокот од 806.657,00 денари ќе го финансира Општина Македонски Брод, од буџетот на Општина Македонски Брод.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

Истовремено, потребните финансиски средства за наредната година да се обезбедат во рамки на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „Да Винчи кидс" во Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „Да Винчи кидс" Карпош, Скопје.

Точка 15

Владата ја разгледа Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН и притоа го утврди следното мислење:

Статутот на Универзитетот се менува и дополнува со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот, поради што е потребно да се направи соодветна корекција во насловот.

Во преамбулата на Одлуката да се наведе измената на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21).

Во член 1 од Одлуката треба да се наведе архивскиот број и датум на Статутот кој се менува, а понатаму се наведува членот кој се менува и измената.

Членот 2 и членот 3 од Одлуката се бришат, со оглед на тоа што измената на цел член 5 од Статутот се наведува во член 1 од Одлуката.

Членот 4 од Одлуката станува член 2 и истиот треба да се дополни и да гласи:

„Оваа статутарна одлука влегува во сила по добиена согласност од основачот, по претходно добиено позитивно мислење од Владата на Република Северна Македонија."

Точка 16

Владата ја разгледа Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје, по текстот на истата нема забелешки и дава позитивно мислење.

Точка 17

**1.** Владата го разреши Бурим Бајрами од должноста вршител на должноста директор на Бирото за процена, орган во состав на Министерството за правда.

**2.** Владата го именува Фејсаљ Беадини за вршител на должноста директор на Бирото за процена, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го разреши Авдуљ Селам Селами од должноста вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**4.** Владата го именува Седад Рушани за вршител на должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**5.** Владата го разреши Халит Feratов од должноста вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука.

**6.** Владата го именува Шабан Алајбегу за вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**7.** Владата го разреши Ферди Шабани од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

**8.** Владата го именува Хаќим Рамадани за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**9.** Владата го разреши Фатмир Арифи од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт.

**10.** Владата го именува Зухејр Реџепи за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**11.** Владата го разреши Реси Абдурахмани од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви.

**12.** Владата го именува Месуд Јакупи за вршител на должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**13.** Владата го разреши Дениз Али од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за стоковни резерви.

**14.** Владата го разреши Ќефали Хавзија од должноста вршител на должноста директор на Казнено - поправната установа Затвор - Тетово.

**15.** Владата го именува Џеладин Џеладини за вршител на должноста директор на Казнено - поправната установа Затвор - Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**16.** Владата ја разреши Сузана Костовска од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено - поправната установа Затвор - Тетово.

**17.** Владата го разреши Ведат Османи од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Скопје.

**18.** Владата го именува Сељатин Бељули за вршител на должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Скопје.

**19.** Владата го разреши Зоран Наков од должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Скопје.

**20.** Владата ја именува Весна Пешова за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Скопје.

**21.** Владата го разреши Блерим Идризи од должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост.

**22.** Владата го именува Елјеса Незир за вршител на должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**23.** Владата го разреши Лундрим Пачуку од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост.

**24.** Владата го разреши Ардиан Муслиу од должноста директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

**25.** Владата го избра Гранит Османи за вршител на должноста директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**26.** Владата го разреши Еран Куртиш од должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

**27.** Владата го именува Далибор Китановиќ за вршител на должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**28.** Владата го разреши Целал Хоџиќ од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

**29.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на 1 (еден) член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

<u>Точка 18</u>

**1.** Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1) Организацискиот одбор за прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, да биде координиран од Владимир Нелоски, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и во состав:

- Зоран Љутков, министер за култура и туризам;
- Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија;
- Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и
- Луке Галески, секретар за комуникации, односи со јавност и протокол во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, во Скопје ќе ја предводи и ќе се обрати Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ги определи членовите на делегацијата, за положување цвеќе на локациите во Скопје.

4) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, во Крушево ќе ја предводи и ќе се обрати проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја определи владината делегација за положување цвеќе на локациите во Крушево.

6) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, во Пелинце ќе ја предводи и ќе се обрати проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, Претседател на Република Северна Македонија.

7) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ги определи членовите на делегацијата за положување цвеќе на локациите во Пелинце.

8) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја определи владината делегација, за положување цвеќе на локациите во Смилево, Демир Хисар.

9) Се задолжува Организацискиот одбор во соработка со Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да ја координира прославата за Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024.

10) Се задолжува Министерството за здравство, преку единиците на Итната медицинска помош, да обезбеди присуство на амбулантни возила и медицински лица во Скопје, Крушево, Пелинце и Смилево, Демир Хисар.

11) Се укажува на Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, во Скопје.

12) Се укажува на службите за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, да се усогласат во врска со сценаријата за одбележувањето и прославата на празникот, со Организацискиот одбор за прослава на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024. Сценаријата да имаат детален приказ на активностите, по повод одбележувањето и прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024.

13) Организацискиот одбор по усогласувањето со Кабинетот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, да достават до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, целосно сценарио кое ги опфаќа сите прослави на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, организациски план, како и лого и брендинг за Празникот.

14) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Национална радио - телевизија, на 2 август 2024 година, да врши директен пренос од одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 од трите локации Крушево, Пелинце и Скопје (според деталното сценарио со саатници кое ќе го добијат од Организацискиот одбор).

15) Се задолжува Министерството за одбрана – Генералниот штаб на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди присуство на доволен број на гардисти на локациите каде што ќе се одбележува Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, согласно барањата на кабинетите, како и опрема за свечено положување на цвеќе, воен оркестар, фанфаристи, соодветно на барањата кои по писмен пат ќе ги добијат од Организацискиот одбор.

16) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали и техничка опрема за одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, за која ќе добијат технички спецификации од страна на Организацискиот одбор.

17) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на контејнери за отпад и мобилни тоалети во Крушево, Пелинце и Скопје.

18) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз на делегациите врз основа на спецификација обезбедена од Организацискиот одбор.

19) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди столици и маси, согласно планот на Организацискиот одбор за одбележување на Празникот.

20) Се задолжуваат Министерството за одбрана - Генералниот штаб на Армијата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да се договорат за обезбедување на венци, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со јаже), цветен аранжман, црвена патека и држачи за знамиња и знамиња, за потребите на сите владини делегации за прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 (според насоките на протоколот на Владата на Република Северна Македонија кои ќе достават точни спецификации за нивното распоредување).

21) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз за тимовите кои ќе работат на организацијата на настаните.

22) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз за делегациите на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

23) Се задолжува Министерството за транспорт, во соработка со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О., да изврши расчистување и санација на делницата од магистралниот пат до меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп – Крушево (особено на влезот на градот Крушево, кај бензинската станица на Макпетрол), како и да обезбеди хоризонтална сигнализација.

24) Се препорачува на Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 година и да ги уредат просторите околу спомениците и меморијалниот центар каде што ќе се одвиваат прославите.

25) Се препорачува на Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1 и 2 август 2024 година во Крушево.

26) Се препорачува на Град Скопје, Општина Крушево и Општина Куманово да обезбедат цистерни за вода.

27) Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о.-Скопје, да обезбеди дрвени столпчиња за означување на патеката до Мечкин Камен.

28) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Секторот за односи со јавност, да подготви лого по повод прославата и во најкус можен рок за тоа да го информира Организацискиот одбор за прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 година.

29) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Секторот за односи со јавност изработеното лого за Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 година, да го достави до сите национални телевизии, со цел да се емитува на денот на празнувањето на Празникот.

30) Се задолжува Министерството за култура и туризам да ги извести и обезбеди контактите за културно-уметничката програма (испланирана во сценариото од страна на Организацискиот одбор).

31) Се задолжуваат сите институции вклучени во културно-уметничката програма, да ги покријат од својот буџет трошоците за учесниците (вработени во институцијата) во културно-уметничката програма.

32) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 година на сите локации - Скопје, Крушево, Пелинце и Смилево, Демир Хисар.

33) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, преку СВР Битола, да го организира сообраќајот и да обезбеди соодветен тек на моторни возила во Крушево на Мечкин Камен, по повод прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 година.

34) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Одделението за протокол, да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма, не подоцна од една недела пред настанот, да ги прифати потврдите и врз основа на истите да изработи протоколарна листа за Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 година во Крушево, вклучително и скица со распоред за седење на гостите.

35) Се препорачува на Општина Прилеп да обезбеди теренски возила за прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024 година, во Крушево, врз основа на спецификациите обезбедени од Организациският одбор.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за одложена имплементација на наставните планови и програми за седмо, осмо и деветто одделение во основното образование од учебната 2024/2025 година, ја усвои и заклучи, со цел комплетно обезбедување на учебници во основното и средното образование за учебната 2024/25 година, Министерство за образование и наука да побара согласност од Бирото за јавни набавки за спроведување на постапки со преговарање без објавување оглас за печатење на потребните учебници, а Бирото за јавни набавки да го разгледа истото и да постапи согласно законските прописи.

**3.** По повод укажувањето на Александар Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во врска со Информацијата за избор на варијанта за изведба на делница на Автопатот Гостивар - Букојчани, со прилози, разгледана на Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2024 година, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Заклучокот од точка 7, од Нацрт - записникот од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2024 година, со кој Јавното претпријатие за државни патишта се овластува да продолжи со проектирање и изведба на делница на Автопатот Гостивар-Букојчани со тунелска варијанта, во вредност од 742.060.254 евра (со точност од ±25% согласно изработеното Повеќекритериумско оценување и избор на варијанта на Автопатот Коридор 8, делница 2: Гостивар-Букојчани), со кој се предизвикуваат фискални импликации од дополнителни 252.699.474 евра, престанува да важи, имајќи предвид дека истиот е усвоен во период на распишани избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија (14 февруари 2024 година), а пред донесување на Одлуката за избор на нова Влада на Република Северна Македонија (23 јуни 2024 година), како и економската неисплатливост за реализација на истиот.

2) Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да направи техничка анализа и анализа од аспект на животната средина и биодиверзитетот во однос на економски исплатливите траси од Договорот за изградба на Коридор 8: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан, автопатска делница и Коридор 10-д: Прилеп – Битола автопатска делница, а во врска со Автопатот Коридор 8, делница 2: Гостивар-Букојчани.

Истовремено, Владата ги задолжи м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и Александар Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да ги разгледаат опциите за изнаоѓање на оптимално решение за надминување на ова прашање.

**4.** Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Иван Стоилковиќ ја информираше Владата во врска со преземените обврски, согласно Заклучокот по точка 28 „Прашања и предлози" од Нацрт - записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година.

Истовремено, Владата на Република Северна Македонија заклучи м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, да биде одговорно лице на Организациониот одбор во врска со одбележувањето на годишнината од Рамковниот договор.

**5.** Владата ги задолжи сите државни институции да доставaт податоци за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 26 јули 2024 година (петок).

**6.** Владата ја задолжи м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии во рок од два дена да одржи состанок со градоначалникот на Општина Охрид и градоначалникот на Општина Струга со цел изнаоѓање на соодветно решение за одблокирање на сметките на двете општини (во врска со долгот со Проаква).

**7.** Владата заклучи владината постапка за материјалите кои се доставени до Владата во текот на 2022 година да се смета за завршена.

**8.** Владата по прегледите на материјали и акти поднесени до Собранието на Република Северна Македонија од страна на Владата на Република Северна Македонија ги задолжи сите министерства во рок од два дена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават известување за тоа на кои текстови по овие материјали останувааат.

Министерствата кои во овој рок до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија нема да достават вакво известување ќе се смета дека не останувaат по текстот на материјалите.

Истовремено, за текстовите на чија содржина остануваат, министерствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достават нови претставници и повереници.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Министерството за труд и социјална политика за периодот јануари-септември 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 (за периодот јануари – септември 2023 година), како материјал за информирање.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 22

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекциски совет за 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 23

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на инспекциските служби за 2023 година, како материјал за информирање.

Точка 24

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати, односно за развој и одржување на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење-„Е-инспектор“ (период 27 јули 2023 година -27 јануари 2024 година), како материјал за информирање.

Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2024 - 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 26

Владата го разгледа Третиот збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето за периодот јули-декември 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 август 2022 година.

Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија, со Предлог-решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на генерален комесар и заменик на генералниот комесар на Република Северна Македонија за „Осака Експо 2025“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за култура и туризам да предложат по два члена на Комесаријатот за „Осака Експо 2025“, а Министерството за економија и труд да предложи еден член на Комесаријатот за „Осака Експо 2025“ до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од пет дена.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од десет дена, да формира работна група за подготвување на план за презентирање на Република Северна Македонија на „Осака Експо 2025“, со претставници од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за култура и туризам, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за локална самоуправа, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за спорт, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Фондот за иновации и технолошки развој,

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и Сојузот на стопански комори на Македонија.

4. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерствата наведени во заклучокот бр.3, а им се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, во рок од пет дена, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да номинираат претставници во Работната група за „Осака Експо 2025“.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за настанатите промени за новоименуваните претставници во Комесаријатот за „Осака Експо 2025“ да достави нота до Амбасадата на Јапонија во Скопје и соодветно да ја извести Амбасадата на Република Северна Македонија во Токио, во рок од пет дена.

6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да продолжи со активностите за осмислување на достојно претставување на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025 во Осака, вклучувајќи спроведување на соодветна постапка за јавна набавка за реализација на идејно решение за презентација на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025 во Осака.

<u>Точка 28</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за статус на спроведување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите, за наредната седница на Владата, поради потребата најдоцна до понеделник (22 јули 2024 година) да се организира и одржи координативен состанок со претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии, министерот за економија и труд, министерот за внатрешни работи, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и секретарот на Секретаријатот за законодавство, во врска со можноста да се направи истрага за вкупните реализирани финансиски средства, за обработените барања без потпис од овластено лице, за можноста за изменување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите, понатамошната финансиска поддршка на компаниите како и за потребата Министерството за внатрешни работи да преземе активности за утврдување на фактичката состојба на откривање на сторено кривично дело и за ова, на наредната седница на Владата, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави нова заедничка информација со конкретни предлози.

<u>Точка 29</u>

Владата го разгледа Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 15 јули 2024 година, со Записник од Втората седница на Групата за процена, одржана на

15 јули 2024 година и Предлог-одлука за управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 15 јули 2024 година.

2. Ја утврди потребата за активирање на механизмите за странска помош во воздухоплови, а динамиката на барање и прифат на странски воздухоплови за гаснење пожари да се оценува согласно состојбата на афектирани подрачја и расположливите ресурси за справување со истата.

3. Ја донесе Одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија (усогласена согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии, изнесени во расправата на седницата).

Со цел, операционализација на оваа одлука, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за одбрана покрај употребата на ресурсите во течно гориво за воздухоплови за сопствени хеликоптери за остварување на активностите во кризната состојба да обезбеди и полнење со течно гориво за воздухоплови и на странските хеликоптери и нивно непречено дејствување за времетраење на нивната мисија во Републиката.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи покрај употребата на ресурсите во течно гориво за воздухоплови за сопствените хеликоптери за остварување на активностите во кризната состојба да обезбеди и полнење со течно гориво за воздухоплови и на странски хеликоптери за времетраење на нивната мисија во Републиката.

3. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување покрај употребата на ресурсите во течно гориво за воздухоплови за сопствените авиони за остварување на активностите во кризната состојба да обезбеди и полнење на странските авиони со течно гориво за воздухоплови и нивно непречено дејствување за времетраење на нивната мисија во Републиката.

4. Се задолжува Центарот за управување со кризи да обезбеди координација, сместување, исхрана и локален транспорт за странските посади за времетраењето на нивната мисија во Републиката, како и на други дополнителни потреби на странските воздухопловни посади.

5. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски финансиски средства за надомест на употребените ресурси во течно гориво за воздухоплови за справување со кризната состојба и за поддршка на странските воздухоплови и посади како земја домаќин на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување и на Центарот за управување со кризи.

Точка 30

Владата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници и единките при склучување на колективните договори, да ги имаат предвид одобрените буџетски средства и да не преземаат обврски за кои немаат обезбедено средства во буџетот за тековната година и утврдените максимални износи на расходи на среден рок.

2. Се задолжуваат јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост при склучување на колективните договори претходно да побараат мислење од Министерството за финансии.

3. Се задолжуваат буџетските корисници при имплементација на буџетот да не преземаат обврски над обезбедените средства со буџетот за соодветната фискална година.

4. Буџетските корисници кои остваруваат самофинансирачки активности и имаат неискористени средства во форма на салдо на сметки, тековното работење на институцијата наместо со буџетски средства да се финансира со користење на средства од сопствените сметки. Дополнително, се задолжуваат буџетските корисници континуирано да ги спроведуваат активностите за наплата на сопствените приходи.

5. Се задолжуваат сите субјекти согласно ЕСПЕО да ги почитуваат обврските за навремено пријавување на доспеани, а неплатени обврски согласно законските рокови.

6. На општините, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост им се препорачува да ги консолидираат финансиите, односно да преземат активности за наплата на сопствените приходи, како и да ги намалат непродуктивните трошења.

7. Им се укажува на оние јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на кои државата преку буџетот им обезбедува средства за исплата на обврски по основ на задолжувања (активирани гаранции), до крајот на 2024 година сукцесивно за исплатените гаранции да ги вратат и уплатат средствата во буџетот на државата по основ на извршените исплати.

8. Се задолжуваат работодавачите од јавниот сектор да преземат итни активности за спроведување на функционална анализа и за истото да ја информираат Владата.

9. Се задолжуваат сите буџетски корисници да преземат итни активности во рамките на своите институции и единките корисници, во насока на спроведување на вонредни ревизии за утврдување на наменското трошење на финансиските средства на буџетот и најдоцна во рок од 30 дена до Владата да достават информација.

10. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам и Министерството за одбрана да достават распределба на наменски и блок - дотации по општини.

11. Пречистениот текст на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година да се достави до Собранието, согласно член 189 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, а за повереници Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

<u>Точка 31</u>

Владата ја разгледа Информацијата за севкупната финансиска состојбата на ЈП Национални шуми п.о. Скопје, согласно Извадок од Нацрт-записникот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата да обезбеди средства за тековно функционирање на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, со наредното изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе активности/истрага за утврдување на фактичката состојба, за направените долгови во Претпријатието.

3. Се задолжува директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, да подготви и за втората редовна седница на Владата, да достави план за репрограмирање на обврските, реструктуирање и реорганизација на Претпријатието.

Точка 32

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје.

Точка 33

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за вработување на приватни специјализанти од областа на медицината за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија во 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии до декември 2024 година да ги обезбеди дополнително потребните финансиски средства во висина од 38.000.000,00 денари за вработување на 300 приватни специјализанти.

2. Се задолжува Министерството за здравство, согласно анализите за дефицитарен кадар и систематизирани работни места во јавните здравствени установи да ги утврди неопходните потреби за итно вработување на 300 приватни специјализанти до крајот на 2024 година и 300 приватни специјализанти до крајот на 2025 година.

Точка 35

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за локална самоуправа и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се преработи согласно расправата на седницата, со Министерството за локална самоуправа, Министерството за одбрана и Секретаријатот за законодавство.

Точка 36

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со започнатата арбитражна постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница - Штип, за наредната седница на Владата.

Точка 37

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за новиот повик од Инвестициска рамка за Западен Балкан за техничка помош и инвестициски грантови.

Точка 38

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања на предлог – заклучоците со Секретаријатот за законодавство.

Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за статусот  на подготовка на Реформската агенда 2024-2027 година, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 16 јули 2024 година, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, да ја достави до Европската комисија финалната Нацрт реформска агенда 2024 – 2027 година - мастер табела од 16 јули 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да продолжи со работа и координација за финализирање на пакетот на Реформската агенда 2024-2027 година (наративниот текст на Нацрт реформаската агенда, индикативната листа на инвестициски проекти и анексите (ексел табели наративниот) и за напредокот да ја известуваат Владата на неделна основа.

Точка 40

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со номинирање на национален координатор за имплементација на Стратегијата за Роми 2022-2030 и национална контакт - точка за Роми и задачи и активности кои треба да се преземат за имплементација на Регионалната иницијатива за Интеграција на Роми 2020-2030, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања на предлог – заклучоците со Секретаријатот за законодавство.

Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по Заклучокот од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги предвиди потребните финансиски средства за санација на покривната површина на објектот на Министерството за односи меѓу заедниците во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Точка 42

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба, со Предлог–одлука за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот.

Точка 43

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 7, став 2, став 3 и став 4 од Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), поднесено од група пратеници и по истото утврди мислење врз основа на мислењето што Министерството за финансии ќе го подготви и достави до Владата.

Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата во Министерството за одбрана за поведените судски постапки од страна на вработени во Министерството за одбрана и Армијата, во периодот 2018 година - мај 2024 година и ја усвои со следниот заклучок (усогласен со Секретаријатот за законодавство):

- Се задолжува министерот за одбрана во рамките на своите надлежности утврдени со закон, да ги преземе потребните активности за утврдување на причините за исплатата на паричните средства по основ на судски пресуди и решенија, за период од 2019 година до 31.5.2024 година и врз основа на утврдената фактичка состојба да покрене соодветна постапка пред надлежен државен орган.

Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договор за грант помеѓу Министерството за дигитална трансформација и Европската извршна агенција за здравство и дигитализација (HADEA) за основање на Центар за побезбеден интернет (Safer Internet Centre) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст за Договорот за грант помеѓу Министерството за дигитална трансформација и Европската извршна агенција за здравство и дигитализација (HADEA).

2. Се овластува м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, да го потпише Договорот за грант помеѓу Министерството за дигитална трансформација и Европската извршна агенција за здравство и дигитализација (HADEA).

3. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства во буџетот на Министерството за дигитална трансформација во висина од вкупно 10,788,800.00 денари за кофинансирање на проектот за 2025 година (7,724,000.00 денари) и 2026 година (3,065,000.00 денари).

Точка 46

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии дополнителните потребни финансиски средства во износ од три милиони денари да ги обезбеди по пат на пренамена.

Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чашка.

Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за Министерската конференција на управувачките платформи за образование и обука, истражување и иновации и култура на земјите од Западен Балкан и Европската Унија и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да ја формира и координира работната група за организирање на Министерската конференција на управувачките платформи за образование и обука, истражување и иновации и култура на земјите од Западен Балкан и Европската Унија, најдоцна до 30 јули 2024 година.

2. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и туризам, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за европски прашања, Министерството за внатрешни работи и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да номинираат претставници во работната група која ќе ја формира Министерството за образование и наука, најдоцна до 25 јули 2024 година.

3. Се определуваат министерот за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска, министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање м-р Изет Меџити, министерот за економија и труд, Бесар Дурмиши и министерот за дигитална трансформација, м-р Стефан Андоновски, да присуствуваат на Министерската конференција на управувачките платформи за образование и обука, истражување и иновации и култура на земјите од Западен Балкан и Европската Унија.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди полициска придружба за еврокомесарката Илиана Иванова за времетраењето на Министерската конференција на управувачките платформи за образование и обука, истражување и иновации и култура на земјите од Западен Балкан и Европската Унија.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изврши подготовка од протоколарен аспект на активностите кои произлегуваат од Министерската конференција на управувачките платформи за образование и обука, истражување и иновации и култура на земјите од Западен Балкан и Европската Унија која ќе се одржи од 29 септември до 1 октомври 2024 година во Скопје.

Точка 49

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за образование и наука потребните финансиски средства за доделување на предвидените стипендии да ги обезбеди во рамки на одобрениот буџет за тековната година и максималните лимити на расходи во наредните фискални години.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука да го информира Министерството за финансии за висината на износот на стипендиите.

Точка 50

Владата ја одложи Информацијата со Предлог - решение за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата, поради потребата материјалот дополнително да се преработи и усогласи во однос на составот на Комисијата, а текстот на Предлог-решението да се дополни со претставници од општините Охрид и Струга.

Точка 51

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, а за повереници Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:05 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**